**Општина Охрид**
**Градоначалник**

Градоначалник

Димитар Влахов бр. 57
6000 Охрид

Тел. (046) 262-469
Фах. (046) 262-545
www.ohrid.gov.mk

Врз основа на член 50 став 1 точка 16 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на Р.М." бр. 5/02) и член 34 од Статутот на Општина Охрид (Сл. гласник на Општина Охрид бр. 8/07 и 1/08), Градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**ПРАВИЛНИК за начинот, постапката и критериумите за финансирање на програми и проекти од јавен интерес на Општина Охрид за 2020 година**

**Член 1**

Со овој Правилник се утврдуваат начинот, критериумите и постапката за финансирање на програми и проекти од јавен интерес на Општина Охрид.

**1. Општи одредби**

**Член 2**

За остварување на јавните потреби и јавниот интерес, Општина Охрид финансиски поддржува програми и проекти.

Програмите и проектите од интерес на Општина Охрид кои ќе бидат поддржани од Буџетот на општината, треба да ги одразуваат јавните потреби во областа на социјалната заштита, намалување на социјалниот ризик и различните видови активности на лица со посебни потреби на подрачјето на Општина Охрид, како и потребите утврдени со закон.

Целта на реализација на овие програми и проекти е Општина Охрид да обезбеди стимулирање и презентација на вредностите и достигнувањата од јавен интерес во областа на социјалната заштита, намалување на социјалниот ризик и различните видови активности на лица со посебни потреби на подрачјето на Општина Охрид,

**Член 3**

Согласно законската регулатива, Општина Охрид како единица на локалната самоуправа води активна политика на обезбедување услови и превземање системски активности за социјалната заштита, намалување на социјалниот ризик и подобрување на условите за живот на лица со посебни потреби на подрачјето на Општина Охрид,

**Член 4**

Општина Охрид финансиски поддржува програми и проекти кои ќе се реализираат во текот на 2020 година, сметано од денот на потпишување на Договор за учество во финансирање на програми/проекти.

Програмите и проектите за кои ќе бидат доделени средства треба да се реализираат на територијата на Општина Охрид.

Максималниот износ на доделени средства од страна на општина Охрид кои определено здружение на граѓани може да ги искористи како

Градоначалник

Димитар Влахов бр. 57
6000 Охрид

Тел. (046) 262-469
Фах. (046) 262-545
www.ohrid.gov.mk

учество во друг меѓународен проект кој би носел бенефит за градот Охрид изнесува до 100.000,00 денари.

За реализација на проекти или програми кои се однесуваат на подобрување на условите за живот на лицата со посебни потреби и проекти од областа на социјалната заштита и намалување на социјалниот ризик, максималниот износ на одобрени средства од страна на општина Охрид изнесува до 150.000,00 денари.

При тоа за исплата на хонорари на проектниот тим, корисникот може да користи само до 30% од вкупно доделената сума.

Оценувањето на поднесените проекти/програми ќе се врши согласно овој Правилник за начинот, постапката и критериумите за финансирање на програми и проекти од јавен интерес на Општина Охрид за 2020 година.

Комисијата за спроведување на постапката за доделување на средства за проектите од јавен интерес и одделението за млади и невладини организации го задржуваат правото во секоја фаза од реализацијата на одобрениеот проект да извршат надзор над субјектот кој користи средства од буџетот на општина Охрид.

**Право на учество**

**Член 5**

На Јавниот повик право на учество имаат правни и физички лица.

- Под правни лица се подразбираат установи од областа на социјалната заштита, како и здруженија на граѓани, асоцијации и слично, регистрирани во Република Македонија кои се занимаваат со активности од областа на социјалната заштита, намалување на социјалниот ризик и подобрување на условите за живот на лицата со посебни потреби.

Основни организациски критериуми кои треба да ги исполнуваат здруженијата на граѓани и фондации кои учествуваат на јавниот повик за добивање средства од Буџетот на општина Охрид се:

- Да се регистрирани според Законот за здруженија на граѓани и фондации;
- Да спроведуваат активности од минимум една година;
- Да се занимаваат со активности и проекти од јавен интерес кои се од областа на социјалната заштита, намалување на социјалниот ризик и подобрување на условите за живот на лицата со посебни потреби ;
- Да не добиле средства или поднеле пријава од/до друг орган на државната управа или други извори за иста намена и активности за кои поднесуваат пријава, а што би значело двојно финансирање на истите активности од различни извори.

Правните и физичките лица кои имале поддржани проекти од Општина Охрид во претходниот период, треба да ги имаат исполнето сите обврски во согласност со склучените договори со општина Охрид.

**Начин и постапка**

Градоначалник

Димитар Влахов бр. 57
6000 Охрид

Тел. (046) 262-469
Фах. (046) 262-545
www.ohrid.gov.mk

**Член 6**

За финансиска поддршка на програми и проекти од од јавен интерес од областа на социјалната заштита, намалување на социјалниот ризик и подобрување на условите за живот на лица со посебни потреби на подрачјето на Општина Охрид,во смисла на одредбите наведени во делот општи начела, одлучува Комисија за отварање, разгледување и одлучување која ќе изврши разгледување, анализа, селектирање и рангирање на сите пристигнати апликации за финансиска поддршка од буџетот на општината, врз основа на критериумите за оценување опфатени со Правилникот.

Сите заинтересирани субјекти за финансиска поддршка од општината, аплицираат на Јавен повик, кој за секоја наредна година го распишува Градоначалникот на почетокот на годината.

Јавниот повик трае 30 дена од денот на објавувањето.

Јавниот повик се објавува на веб страната на општината (www.ohrid.gov.mk).

**Член 7**

Аплицирањето се врши на стандардизирани обрасци кои се задолжителни за секој апликант и се составен дел на документацијата од самиот јавен повик.

Пријавувањето на Јавниот повик се врши со доставување на пополнета пријава. Пријавите ќе треба да се превземат од веб страната на Општина Охрид и да се пополнат со впишување на податоци на означеното место со потпис и печат на овластеното лице. За секој проект се пополнува одделна пријава.

Апликантите, покрај пријавата задолжително треба да ги достават и следните документи:

- фотокопија од документ за регистрирана дејност издаден од Централен регистар на Република Македонија
- копија од потврда за отворена и активна жиро сметка (за правни лица) или копија од трансакциска сметка (за физички лица)
- Физичките лица/автори кои поднесуваат пријава на Јавниот повик треба да достават и копија од уверение за државјанство на Република Македонија

Со пријавата може да се достават и други документи/материјали за дообјаснување на проектот за кои учесникот на Јавниот повик цени дека е потребно да ги достави.

Апликантите на проектите се задолжени да достават доказ (договор за волонтерски ангажман) дека за потребите на проектот ангажирале барем едно младо лице на возраст од 15-29 години.

Пријавите со документите се доставуваат по пошта во затворен коверт на адреса: **Општина Охрид ул. „Димитар Влахов“ бр. 57, 6000 Охрид со назнака за „Јавен повик за финансирање на програми и проекти од јавен интерес на општина Охрид за 2020 година“ или лично во Архивата на Општина Охрид.**

Градоначалник

Димитар Влахов бр. 57
6000 Охрид

Тел. (046) 262-469
Фах. (046) 262-545
www.ohrid.gov.mk

Материјалите доставени со пријавите на Јавниот повик не се враќаат.

**Член 8**

Доставените пријави по „Јавниот повик за финансирање на програми и проекти од јавен интерес на Општина Охрид за 2020 година" ги разгледува стручна Комисија која ја формира Градоначалникот на Општина Охрид во состав од 5 (пет) члена, од кои најмалку тројца да бидат од редот на вработените во општинската администрација. Еден од членовите на стручната комисијата се именува за претседател.

Мандатот на членовите на Комисијата е 1 (една) година, со можност за повторно именување.

**Член 9**

Комисијата за отварање, разгледување, одлучување по пристигнати програми и проекти како и проверка на финансиските и наративните извештаи, работи во полн состав.

Комисијата нема да ги разгледува пријавите доставени по истекот на рокот на Јавниот повик, пријави доставени по електронска пошта, пополнети на несоодветен образец, нецелосно пополнети и нецелосни пријави, без приложени документи кои задолжително се бараат.

Комисијата за својата работа води Записник.

Комисијата од пристигнатите пријави утврдува ранг листа и му ја доставува на Градоначалникот на разгледување и одлучување.

Градоначалникот врз основа на доставената ранг листа, донесува Решение за распределба на средства.

Ранг листата со избраните апликанти ќе биде објавена на веб страната на Општина Охрид (www.ohrid.gov.mk).

Против Решението на Градоначалникот може да се поднесе приговор во рок од 8 (осум) дена од денот на известувањето за извршениот избор.

Приговорот се поднесува до Градоначалникот на Општина Охрид.

По поднесениот приговор Градоначалникот формира комисија од три члена во која задолжително членува претседателот на стручната комисија задолжена за спроведување на јавниот повик. Оваа комисија е должна во рок од три дена да ги разгледа наводите во приговорот, да изврши преоценување на проектот и на Градоначалникот да му предложи дали приговорот да биде прифатен или отфрлен. Градоначалникот донесува решение согласно предлогот на комисијата.

**Член 10**

Со секој апликант одделно, на кој му се доделени финансиски средства, ќе биде склучен Договор во кој подетално ќе се уредат начинот и условите за користење на средствата.

Финансискиот и наративниот извештај се доставуваат до Комисијата за отварање, разгледување, одлучување по пристигнати програми и проекти како и проверка на финансиските и наративните извештаи формирана од страна на Градоначалникот.

Градоначалник

Димитар Влахов бр. 57
6000 Охрид

Тел. (046) 262-469
Фах. (046) 262-545
www.ohrid.gov.mk

Исплатата на средствата ќе се врши поединечно во два дела и тоа: првата половина од финансиските средства ќе бидат исплатени пред отпочнување со реализација на проектот, а втората половина по доставување на финалниот (наративен и финансиски) извештај од реализацијата на проектот од страна на корисникот. Комисијата формирана од страна на Градоначалникот доставува предлог за исплата до Секторот за Финансиски прашања откако претходно ќе ги провери и одобри наративниот и финансискиот извештај за секој проект поединечно.

Доставувањето на финалниот (наративен и финансиски) извештај се врши на стандардизиран образец, најдоцна до 10.12.2020 година. Образецот ќе биде објавен на веб страната на Општина Охрид.

Наративниот извештај треба да биде поткрепен со фотодокументација, а финансискиот извештај со копии од сметки, фактури и изводи од банка.

Доколку наративниот и финансискиот извештај не соодејствуваат на пријавата (буџетските ставки), во тој случај извештајот ќе биде одбиен, а апликантот е обврзан да ги врати добиените финансиски средства.

**Член 11**

Корисникот на кој што му се одобрени финансиски средства од Буџетот на Општина Охрид за реализација на проектот/програмата има обврска на сите материјали (печатени и електронски) што ќе бидат продуцирани во рамките на тој проект/програма на видно место да стои:

Поддржано од
Општина Охрид

**Критериуми за финансирање**

**Член 12**

За да се утврди дека програмите и проектите се од интерес на Општина Охрид, тие треба да исполнуваат најмалку еден од следниве општи критериуми:

- да допринесат за побогат, поквалитетен и разновиден јавен живот на ниво на општината во областа на социјалната заштита;
- подобрување на образованието на лицата со посебни потреби и семејствата од социјален ризик;
- воспоставување на соработка и партнерства во рамките на предложениот проект со една или повеќе јавни установи од општината, национални установи, граѓански организации, образовни институции и други организации;
- стимулирање и поддршка на разни партнерски меѓународни проекти од областа на социјалната заштита;
- поттикнување на научната и критичката мисла преку организирање на семинари, конференции и дебати од областа на социјалната заштита ;

Градоначалник

Димитар Влахов бр. 57
6000 Охрид

Тел. (046) 262-469
Фах. (046) 262-545
www.ohrid.gov.mk

- потикнување на креативноста и подобрување на условите за развој на лицата со посебни потреби;
- унапредување на животот на лицата со посебни потреби;
- развој на спортските активности кај лицата со посебни потреби;
- стимулирање и потикнување на грижата за здравјето на граѓаните од социјално ранливите категории;
- Проекти кои ќе придонесат за намалување на социјалниот ризик и тоа: ризици по здравјето (болест, повреда и инвалидност), ризици на старост и стареење, ризици на еднородителски семејства, ризици од невработеност, ризици од сиромаштија како и ризици од друг вид на социјална исклученост;
- Активности на здруженија на пензионери кои поттикнуваат меѓусебна соработка и поврзување на луѓето во оваа животна доба;
- средставата кои определено здружение на граѓани ги добило од општина Охрид може да ги искористи како учество во друг меѓународен проект од областа на социјалната заштита кој секако би носел бенефит за градот Охрид.

**Критериуми за оценување**

**Член 13**

| **Проект** | **Бодови** |
|---|---|
| **I. Апликација** | **25** |
| - Детално разработена проект/програма согласно правилникот, јавниот повик и уредно пополнета пријава (апликација) | 20 |
| - Искуство на апликантот во реализирање на програми, проекти и активности од областа на социјалната заштита, намалување на социјалниот ризик и подобрување на условите за живот на лицата со посебни потреби | 5 |
| **II. Буџет** | **25** |
| - Детално разработен финансиски план за средствата потребни за реализација на програмата/проектот | 10 |
| - Оправданоста на трошоците во предложениот финансиски план (реален буџет во однос на активностите и бројот на ангажирани лица, опис на трошоците по позиции) | 10 |
| - Обезбедени дополнителни средства од сопствени или други извори | 5 |

Градоначалник

Димитар Влахов бр. 57
6000 Охрид

Тел. (046) 262-469
Фах. (046) 262-545
www.ohrid.gov.mk

| | |
|---|---|
| **III. Квалитет на програмата/проектот** | **50** |
| -Придонес за решавање на определен проблем на подрачјето на Општина Охрид од областа на социјалната заштита кој не е дел од програмата за работа на општина Охрид или подобрување на условите за живот на лицата со посебни потреби на територијата на општина Охрид или учество во меѓународен проект кој носи бенефит за градот Охрид | 20 |
| - Придонес на проектот во остварување на општите и посебните цели за развојот на Општина Охрид | 10 |
| - Иновативност, впечатливост и оригиналност на идејата | 10 |
| - Обезбедена институционална поддршка (писмо за поддршка од друго здружение или институција, вклученост на еден или повеќе субјекти во реализација на проектот) | 10 |
| **Вкупно бодови** | **100** |

**Завршни одредби**

**Член 15**

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето.

Охрид,

Бр. _____________ од ________ 2020 година